интерпромет
а. д.
Бр. 0201-429/1
07.09.2021 год.
ТЕТОВО

Врз основа на член 336 и 383 од Законот за трговските друштва и член 20 од Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало-Тетово, со седиште на ул. Илинденска бр. 18-а, Тетово, ЕМБС 4057783 и ЕДБ 4028974115871 – пречистен текст на Статутот заведен во Друштвото под број 0101-125/1 од 12.03.2019 година, Собранието на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, на седницата одржана на ден 07.09.2021 година во Тетово, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## За поништување на сопствени обични акции без намалување на основната главнина

### Член 1

СЕ ОДЛУЧУВА ДА СЕ ПОНИШТАТ 2686 сопствени обични акции издадени од ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало-Тетово, со седиште на ул. Илинденска бр. 18-а, Тетово, ЕМБС 4057783 и ЕДБ 4028974115871, кои претставуваат 3,86% од основната главнина на Друштвото, со номинална вредност од 51,13 ЕВРА по акција.
Акциите од ставот 1 се поништуваат во согласност со член 336 став 2 од Законот за трговските друштва, поради неуспешност на постапка за отуѓување на сопствените акции од ставот 1 по пат на јавна понуда.

### Член 2

Со поништувањето на акциите од член 1 не се врши промена на основната главнина на Друштвото, а истата останува во износ од 216.918.128,00 денари односно 3.579.043,00 ЕВРА.
Со поништувањето на акциите од членот 1, бројот на обични акции кои ја сочинуваат основната главнина Друштвото се намалува од 69.659 на 66.973, додека бројот на приоритетни кумулативни акции останува 341.
Со поништувањето на акциите од член 1, основната главнина на Друштвото ќе биде поделена на вкупно 67.314 акции, од кои 66.973 обични акции и 341 приоритетни кумулативни акции.

### Член 3

Се овластува и се задолжува управниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, заради реализација на оваа одлука, по потреба да донесува соодветни одлуки и други акти, да врши измени и дополнувања на оваа одлука, како и да ги презема сите останати со закон дозволени дејствија со цел спроведување на одлуката.

### Член 4

Се овластува и се задолжува управниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово да ги преземе сите со закон дозволени и пропишани дејствија заради спроведување на оваа одлука, да спроведе постапка за упис на поништувањето на акциите во акционерската книга на Друштвото која се води во Централниот депозитар за хартии од вредност на Република Северна Македонија, како и да ги презема сите останати потребни дејствија и да го застапува Друштвото пред сите надлежни органи и институции со цел упис на поништувањето на акциите.

**Член 5**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на одлука на Собранието на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово бр. 0201-481/1 од ден 20.09.2019 година, Друштвото се стекна со 2686 сопствени обични акции со номинална вредност од 51,13 ЕВРА по акција, кои заедно претставуваат 3,86% од основната главнина на Друштвото.

Врз основа на членот 336 од Законот за трговските друштва, од страна на Собранието на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово е донесена одлука бр. 0201-179/1 од ден 12.04.2021 година, за отуѓување на гореспоменатите акции по пат на јавна понуда.

На ден 22.06.2021 година, од страна на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија е донесено Решение за давање на одобрение за продажба на сопствени акции по пат на јавна понуда број 10-УП1-67 од ден 22.06.2021 година со кое на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово му се дава одобрение за продажба на сопствени акции по пат на јавна понуда – 2.686 обични акции во вкупен номинален износ од 137.335,18 евра и вкупна минимална продажна вредност од 8.058.000 денари.

Врз основа на горецитираното решение на КХВ, спроведена е постапка за отуѓување на предметните акции по пат на јавна понуда преку Македонската берза за хартии од вредност. Предметната постапка заврши неуспешно, односно во роковите предвидени со одлуката на Собранието на акционери бр. 0201-481/1 од ден 20.09.2019 година, проспектот и поканата за продажба (отуѓување) на сопствени акции по пат на јавна понуда не беа запишани акции.

Имајќи го во предвид горенаведното, Друштвото има обврска да ги поништи сопствените обични акции во согласност со член 336 став 2 од Законот за трговските друштва. Поради оваа причина, Собранието на акционери донесе одлука за поништување на сопствените обични акции без намалување на основната главнина на Друштвото, како во диспозитивот на оваа одлука.

**Собрание на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово**

**Претседавач:**

интерпромет а.д. ТЕТОВО 1